**ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број 19-10/февруари 11, 2011 година

# Р А С П И С

**За Квалификациите за Екипното првенство на Македонија за 2011 година**

1. Во квалификациите за Екипното првенство на Македонија за 2011 година имаат право да настапат **регистрирани екипи во ШФМ за 2011 година**, кои ќе го пријават своето учество најдоцна до **01 март(вторник)** 2011 година.

2. Годишната регистрација на клубовите од **3.000,00** денари треба да се уплати на сметката на

   **Шаховска федерација на Македонија**
   **Жиро сметка: 210051406250151**
   **НЛБ Тутунска банка АД – Скопје**

   Заедно со уплатата клубовите треба да достават список на играчи и копија од тековната состојба од Централниот регистар на Република Македонија.

3. Мечевите се играат на 6(шест) табли со максимум 4(четири) резерви. Во екипите може да настапат само претходно пријавените шахисти.Истите не може да настапат за друг клуб во натпреварувачката 2011 година!

4. Распоредот и термините ќе бидат објавени ,во зависност од бројот на пријавените екипи, на закажан термин за извлекување на натпреварувачките броеви.Според Календарот на ШФМ за 2011 година,натпреварите треба да се одиграат во текот на април и мај.

5. Клубовите ќе пријават основен состав и капитен на екипата во закажан термин за извлекување на натпреварувачките броеви.Основниот состав се одредува слободно без било какви ограничувања и не може да се менува по редоследот до крајот на натпреварувањето.

6. Се игра според Правилата на ФИДЕ. Темпо на игра е 90 минути за 40 потези плус 30 минути до крајот на партијата, со додаток од 30 секунди за секој потег, почнувајќи од првиот.Играчите се должни да ги пишуваат потезите до крајот на партијата.

7. Ќе се игра по Бергеров систем (секој со секого) по **бод систем**.
   За победа во мечот(3,5:2,5; 4:2; 4,5:1,5; 5:1; 5,5:0,5 и 6:0) се добиваат 2 бода , а за нерешен резултат(3:3) се добива еден бод.При ист број на бодови одлучува:
   - Вкупен број на освоени поени
   - Резултат од меѓусебни средби
   - Подобар успех на сите табли на целото натпреварување
     (1.табла се бодува со 100 поени, 2.табла со 90 поени, 3.табла со 82 поени, 4.табла со 76 поени, 5.табла со 72 поени и 6.табла со 70 поени)

8. Домаќинот е должен да обезбеди сала (со нормални услови за игра, шаховски фигури и дигитални шаховски часовници) и за тоа да го извести гостинот.

Пријавувањето на составите е 15 минути пред почетокот на натпреварот.

**9.** Во текот на натпреварувањето одделен меч може да биде одложен или да биде поместена сатницата на неговиот почеток само ако за тоа постојат јаки оправдани причини, за што толкување дава Стручниот одбор на ШФМ. Одложување на мечеви од последното коло не се дозволени под никакви услови.

**10.** Пред почетокот на последното коло мора да бидат одиграни и завршени сите мечеви од претходните кола.

**11.** Ако една екипа ги започне, а не ги заврши натпреварите, губи право на настап на Екипните натпревари во следната година.

**12.** Забранета е употребата на мобилни телефони во салата за игра.

**13.** Секоја екипа си назначува капитен.За секој натпревар капитенот на екипата го предава составот на екипата.Во салата каде се игра се строго забранети разговори меѓу играчите и други лица.Дозволен е контакт само со капитенот,кога играчот сака да понуди реми или му нудат реми.Одговорот е само со „да“ или „не“.

**14.** Во зависност од квалитетот и бројноста на рејтинговани пријавени шахисти можно е рејтингување на квалификациите.

**15.** **Првите две екипи** се стекнуваат со **право на настап на Екипното првенство на Македонија за 2011 година.**

Скопје,11.02.2011

Шаховска федерација на Македонија
Кочовски Иван,стручен секретар
071/227382